# Обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет во Република Македонија

## Колку ќе чини формирањето на државниот фонд?

Отворена порта - Ластрада,
Република Македонија

**Издавач:**

Отворена порта - Ластрада, Република Македонија

**За издавачот:**

Јасмина Димишковска Рајковска, извршна директорка

**Автори:**

Јасминка Фришчиќ

Дарко Антиќ

Стојан Михов

Скопје, март, 2016 година

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД** ........................................................................................................................ **4**

**I. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА НА ЖРТВИТЕ И НА НИМ БЛИСКИТЕ ЛИЦА ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА**..................... **6**

**II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ФОНД** ........................................................................................................................ **35**

**III. ЗАКЛУЧОК** ........................................................................................................ **44**

**ВОВЕД**

Законските можности за остварување на правото на надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе во граѓанска и кривична постапка, како и начинот на остварување на ова право во сите фази на овие постапки укажаа на крајно неповолната положба на жртвата, вклучувајќи и нејзината изложеност на трошоци. Имајќи предвид незавидната економска состојба на жртвата, вообичаениот проблем на неможност за обесштетување од страна на обвинетиот, единствена или последна можност во насока на обесштетување е надомест на штетата од страна на државата.

Оттаму со оваа анализа сакавме да обезбедиме доволно податоци и со тоа да го информираме законодавецот и надлежните министерства за тоа колку средства се потребни за надомест на штета на жртвите на криминалитет воопшто, вклучувајќи ги и жртвите на трговија со луѓе, односно жртвите на сите видови на насилство врз жените и семејно насилство. Надоместувањето на штета на жртвите на криминалитет д страна на државата во нашата земја е достапна само за малолетните жртви на трговија, иако функционалноста на воспоставениот механизам е под знак на прашање. Во Националната стратегија и акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот 2013-2016 година планирано е донесување на Закон за државен фонд.

Во таа насока со ова анализа ги утврдуваме трошоците поврзани со надоместот на штета на жртвите на насилнички криминалитет (непосредната жртва) и на ним блиските лица (посредните жртви). За да можеме да ги утврдиме трошоците најнапред го дефиниравме насилничкиот криминалитет, односно кривичните дела кои го сочинуваат, по што бројот на можни жртви го утврдивме преку бројот на осудени (полнолетни и малолетни сторители) на овие кривични дела. Покрај дефинирањето на насилничкиот криминалитет не интересираше и дали кривичните дела на насилство врз жените и семејното насилство потпаѓаат под категоријата на кривични дела кои според важечките законски прописи на РМ, односно нивните жртви можат да бараат надомест на штета од државата. Во однос на посредните жртви, го дефиниравме кругот на блиски лица кои можат да побараат надомест на штета во случај на смрт и тешко телесно оштетување на жртвата, нивниот број според осудените лица за кривичните дела на насилнички криминалитет кој може да резултира со смртна последица и тешко телесно нарушување. И на крај во однос на видовите

(материјална и нематеријална) на штета и нивната висина, трошоците ги пресметавме според три сценарија. Првото се заснова на судска пракса, второто на пазарни цени и третото на висината на надоместите предвидени со законите на Р. Хрватска и Р. Словенија. Исто така, во оваа анализа даваме краток осврт на значењето на финансиската одржливост во работењето на Државниот фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет и постоечки модели на финансирање на вакви фондови во други земји од светот. Што е уште побитно ги анализиравме и можните извори на средства од централниот буџет на Република Македонија кои можат да се алоцираат при поставувањето на моделот за финансирање на Државниот фонд и со тоа практично даваме одговор на едно од клучните прашања за формирање и функционирање на овој фонд.

Оваа анализа е една од повеќето анализи кои организацијата Отворена порта - Ластрада Македонија ги подготви и издаде изминатите години по однос на прашањето за надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе во РМ. Во нејзината подготовка се соочивме со повеќе ограничувања кои се објаснети во анализата, со што практично овозможуваме на државата или оној кој ќе ја подготвува идната длабинска анализа за формирањето на овој фонд солидна почетна основа.

## I. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА НА ЖРТВИТЕ И НА НИМ БЛИСКИТЕ ЛИЦА ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА

За да можеме да утврдиме колку средства ни се потребни за надоместување на штета на жртвите на криминалитет во РМ, потребно беше да дадеме одговор на три клучни прашања. Имено, најпрвин беше потребно да утврдиме кои жртви на криминалитет можат да бараат надомест на штета од државата. Второ, потребно беше да утврдиме колку жртви на криминалитет има на годишно ниво, а кои би можеле да бараат надомест на штета од страна на државата и трето, колку средства ќе бара една жртва, нејзиното семејство или лица кои се издржувани или би требало да бидат издржувани од страна на жртвата за надомест на штета од страна на државата.

### А. КОИ ЖРТВИ ИМААТ ПРАВО НА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ ?

Кои жртви на криминалитет или поточно за кој вид на криминалитет може жртвите и лицата кои се или би требало да бидат издржувани од неа да бараат надомест на штета од страна на државата го утврдувавме врз основа на меѓународно пропишаните стандарди и домашните позитивни законски прописи. Врз основа на ова развивме две сценарија. Првото се заснова на меѓународно пропишаните стандарди, односно Конвенцијата на Советот на Европа за компензација на жртвите на насилнички криминалитет и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) во насока на тоа што овие меѓународни документи препорачуваат и предвидуваат како стандард. Второто, пак, се заснова на одредбите на Законот за кривична постапка во кој е пропишано за кој вид на кривични дела, односно криминалитет жртвите може да бараат надомест на штета од страната на нашата држава во насока на тоа што нашата држава предвидува или смета за тоа кој вид на жртви, односно за кој вид на криминалитет ќе се врши надомест на штета. На крај овие две сценарија ги споредивме во насока на тоа дали нашата држава ги следи меѓународно пропишаните стандарди или со други зборови дали сите жртви на криминалитет кои според овие меѓународни документи имаат право на надомест на штета ова право можат да го остварат и во нашата земја.

**Прво сценарио**

Европската Конвенција за компензација на жртвите на насилнички криминалитет на Советот на Европа и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против

насилството врз жените и домашното насилство (таканаречената Истанбулска конвенција) се основните меѓународни документи врз чија основа го засновавме првото сценарио по однос на прашањето кој има право да побара надомест на штета во случај на насилнички криминалитет.

Имено, Европската Конвенција за компензација на жртвите на насилнички криминалитет на Советот на Европа како општ рамковен документ ги предвидува основните постулати за надомест на штета на жртвите на насилнички криминалитет. Во член 2 од оваа конвенција предвидено е дека во случаи во кои штетата не може да се надомести од други извори тогаш државата треба да ја надомести штетата на оние кои претрпеле сериозни телесни повреди или оштетувања како резултат на кривично дело сторено со умисла, како и лицата кои се издржувани од лицето кое го изгубило својот живот како резултат на ваков вид на криминалитет. Имајќи предвид дека оваа конвенција датира од 1983 година, поимот на тоа како се дефинира овој вид на криминалитет, односно кои видови на кривични дела потпаѓаат под него претпоставуваме дека било оставено на диспозиција на државите потписнички, секако земајќи ги предвид условите предвидени со член 2 на овој документ. Вредно е да се спомене дека РМ ја нема потпишано и ратификувано Конвенцијата на Советот на Европа за компензација на жртвите на насилнички криминалитет. Сепак, сакајќи да утврдиме колку жртви, односно жртвите на кои видови на кривични дела би имале право на надомест на штета, направивме анализа на кривичните дела предвидени со Кривичниот законик кои спаѓаат под категоријата на насилнички криминалитет.

Во одредувањето на тоа кои видови на кривични дела спаѓаат под овој вид на криминалитет истражувавме кои се неговите обележја и како е дефиниран овој поим. Во однос на неговите обележја јасно е и од неговиот назив дека поимот на насилнички криминалитет потекнува од поимот сила. Практично овој вид на криминалитет опфаќа кривични дела кои вклучуваат употреба на сила (психичка или физичка) или закана за употреба на сила. Во повеќе трудови кои се однесуваа на овој вид на криминалитет наидовме на дефинирање на овој вид на криминалитет, при што како најчести и најтипични обележја на насилничкото однесување се споменуваат насилство, сила, закана и злоставување. Односно овој вид на криминалитет ги опфаќа кривичните дела кои се карактеризираат со брутално и агресивно однесување на сторителите или пак насилството е доминантно, без оглед дали тоа преставува дел од дејствијата на извршување на кривичното дело или некој друг битен елемент на истото.

Во однос на дефинирањето се сретнавме со два начина на дефинирање, првиот е преку набројување на дејствијата или начинот на извршување, додека вториот е со набројување

на специфичните кривични дела кои спаѓаат во оваа категорија. На пример, британската агенција за внатрешни работи под насилнички криминалитет  подразбира кривични дела каде што жртвата е намерно прободена со нож, удирана со тупаници, клоци,  туркана итн., или и се заканува со насилство без оглед дали постои било каква повреда. Овој вид на криминалитет најпрвин се дели на две поголеми подкатегории, односно на насилнички криминалитет кој резултира со повреди и оној кој не резултира со такви. Понатаму овој вид на криминалитет се дели по видови на кривични дела и односот помеѓу жртвата и сторителот на кривичното дело. Според канцеларијата за статистика од областа на правдата на САД под насилнички криминалитет се подразбира убиство, полов напад, грабеж и физички напад. Според дефиницијата на Бирото за сојузна истрага на САД под овој криминалитет потпаѓаат кривичните дела на убиство, силување, грабеж и тежок физички напад (тешка телесна повреда).  При утврдувањето на поимот и дефиницијата на насилничкиот криминалитет разгледувавме и неколку апстракти објавени од страна на предавачи на Високата школа за безбедност од Бања Лука кои ја разработуваа темата на организиран насилнички криминалитет и состојбата по однос на насилничкиот криминалитет во Република Српска.

Тргнувајќи од обележјата на насилничкиот криминалитет ги утврдивме следните глави во кои се групирани кривичните дела од Кривичниот законик (КЗ) на РМ  на овој вид на криминалитет, и тоа:

- Глава 14 - Кривични дела против животот и телото
- Глава 15 - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот
- Глава 19 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал
- Глава 20 - Кривични дела против бракот, семејството и младината
- Глава 23 - Кривични дела против имотот
- Глава 27 - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај
- Глава 28 - Кривични дела против државата
- Глава 33 - Кривични дела против јавниот ред и
- Глава 34 - Кривични дела против човечноста и меѓународното право.

Подолу во табелата (Табела број 1) наведени се кривичните дела од гореспоменатите глави кои го сочинуваат овој вид на криминалитет. Односно, согласно на Европската конвенција за компензација на жртвите на насилнички криминалитет на Советот на Европа жртвите на овие кривични дела имаат право да побараат надомест на штета од државата во случај тој да не биде надоместен од други извори.

| Насилнички криминалитет | |
|---|---|
| **Глава** | **Назив** |
| **Глава 14 - Кривични дела против животот и телото** | Член 123- Убиство |
| | Член 130-Телесна повреда |
| | Член 131-Тешка телесна повреда |
| | Член 132-Учество во тепачка |
| | Член 133-Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница |
| **Глава 15 - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | Член 139- Присилба |
| | Член 140- Противправно лишување од слобода |
| | Член 141- Грабнување |
| | Член 142- Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување |
| | Член 143- Малтретирање во вршење на службата |
| | Член 144- Загрозување на сигурноста |
| | Член 145- Нарушување на неповредливоста на домот |
| | Член 153- Повреда на правото на поднесување правно средство |
| | Член 155- Спречување или смеќавање јавен собир |
| | Член 156- Повреда на правото на штрајк |
| **Глава 19 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | Член 186- Силување |
| | Член 187- Обљуба врз немоќно лице |
| | Член 188- Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години |
| | Член 189- Обљуба со злоупотреба на положбата |
| | Член 191- Посредување во вршење проституција |
| | Член 191-а - Детска проституција *(избришан со измена на КЗ Службен весник 226 од 25.12.2015 год.)* |
| **Глава 20 - Кривични дела против бракот, семејството и младината** | Член 198- Одземање дете |
| | Член 201- Запуштање и малтретирање на дете |
| **Глава 23 - Кривични дела против имотот** | Член 237- Разбојништво |
| | Член 238- Разбојничка кражба |
| | Член 258- Изнуда |
| | Член 259- Уцена |

| | |
|---|---|
| **Глава 27 - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | Член 302- Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа |
| | Член 303- Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај |
| **Глава 28 - Кривични дела против државата** | Член 305- Велепредавство |
| | Член 307- Загрозување на територијалната целина |
| | Член 308- Загрозување на независноста |
| | Член 309- Убиство на претставници од највисоките државни органи |
| | Член 310- Грабнување претставници на највисоките државни органи |
| | Член 311- Насилство спрема претставници на највисоките државни органи |
| | Член 312- Вооружен бунт |
| | Член 313- Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста |
| | Член 314- Диверзија |
| | Член 315-Саботажа |
| | Член 319-Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа |
| | Член 320-Повреда на територијалниот суверенитет |
| | Член 321-Спречување на борба против непријателот |
| **Глава 33 - Кривични дела против јавниот ред** | Член 382-Спречување службено лице во вршење службено дејствие |
| | Член 383-Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста |
| | Член 384-Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие |
| | Член 385-Учество во толпа што ќе изврши кривично дело |
| | Член 386-Насилство |
| | Член 388-Противправно менување на територијалната поделба на Република Македонија |
| | Член 392-Самовластие |
| | Член 394-Злосторничко здружување |
| **Глава 34 - Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | Член 403-Геноцид |
| | Член 403-а -Злосторство против човечноста |
| | Член 403-б Злосторство на агресија |
| | Член 404-Воено злосторство против цивилно население |

| | |
|---|---|
| | Член 405-Воено злосторство против ранети и болни |
| | Член 406-Воено злосторство против воени заробеници |
| | Член 407-Употреба на недозволени средства на борба |
| | Член 407-б- Злоупотреба на хемиско или биолошко оружје |
| | Член 409-Противправно убивање и ранување на непријател |
| | Член 418-Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос |
| | Член 418-а -Трговија со луѓе |
| | Член 418-б- Криумчарење на мигранти |
| | Член 418-г -Трговија со дете |

Табела 1: Кривични дела по глави кои го сочинуваат насилничкиот криминалитет

Вториот меѓународен документ, Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција)[1] во контекст на прашањето за тоа кои жртви можат да бараат надомест на штета од страна на државата го разгледувавме поради тоа што основната цел на овој документ е да ги заштити сите жени од сите видови на насилство, како и да го превенира, гони и елиминира актите на насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство; да придонесе кон елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените и да промовира суштинска еднаквост меѓу жените и мажите, вклучително и зајакнување на жените; развие сеопфатна рамка на политики и мерки за заштита и помош на сите жртви на насилство врз жените и семејното насилство и др. Во член 3 од конвенција се дефинираат поимите на “насилство врз жените” и “семејно насилство”, при што првиот го дефинира како “violence against women is understood as a violation of human rights and a form of discrimination against women and shall mean all acts of gender-based violence that result in, or are likely to result in, physical, sexual, psychological or economic harm or suffering to women, including threats of such acts, coercion or arbitrary deprivation of liberty, whether occurring in public or in private life” додека вториот го дефинира како “domestic violence shall mean all acts of physical, sexual, psychological or economic violence that occur within the family or domestic unit or between former or current spouses or partners, whether or not the perpetrator shares or has shared the same residence with the victim”. Што е уште позначајно овој документ во однос на надоместот на штета на жртвите на насилство врз жените предвидува дека “соодветен надоместок од страна на државата се доделува на оние кои претрпеле сериозни телесни

[1] https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168008482e

повреди или нарушување на здравјето, до степен до кој штетата не е покриена од страна на други извори, како што се сторителот, осигурувањето или јавно здравствени и социјалните установи". РМ се уште ја нема ратификувано оваа Конвенцијата на Советот на Европа. Во моментот кога ќе ја ратификува тоа подразбира дека жените- жртви на кривичните дела со кои се регулираат сите форми на насилство врз жените ќе можат да бараат надоместок на штета претрпена како резултат на овие видови на насилство. Согласно КЗ на РМ, а врз основа на мислењето на релевантните граѓански организации[2] кои работата на ова прашање во земјата кривичните дела со кои се регулираат насилство врз жените и семејното насилство се групирани во:

- Глава 14- Кривични дела против живото и телото
- Глава 15- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот
- Глава 19- Кривични дела против половата слобода и половиот морал и
- Глава 34- Кривични дела против човечноста и меѓународното право.

Во табелата подолу (табела 2) се наведени поединечните кривичните дела под секоја од горенаведените глави.

| **Насилство врз жените и семејно насилство** | | |
|---|---|---|
| Глава | Член и кривично дело | Вид на насилство |
| Глава 14 - Кривични дела против животот и телото | Член 123 (став 2)- Убиство | семејно насилство |
| | Член 130 (став 2) -Телесна повреда | семејно насилство |
| | Член 131(став 2 и 6) -Тешка телесна повреда | семејно насилство |
| Глава 15 - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | Член 139(став 2) - Присилба | семејно насилство |
| | Член 140 (став 2) - Противправно лишување од слобода | семејно насилство |
| | Член 144(став 2) - Загрозување на сигурноста | семејно насилство |
| Глава 19 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал | Член 186(став 1) - Силување | семејно насилство и сексуално насилство |
| | Член 191 - Посредување во вршење проституција | семејно насилство (став 3) и трговија со жени |

[2] Здружение ЕСЕ, Отворена порта Ла страда и Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници се организации кои имаат докажана експертиза и искуство во однос на семејното насилство, трговијата со жени и девојки и насилството врз сексуалните работнички. Оттаму, листата на кривични дела на насилството врз жени и семејно насилство е составена согласно на нивните заложби и сегашна регулираност на овие видови на насилство, како и врз нивното искуство од работата со жените-жртви на насилство.

| | | |
|---|---|---|
| | Член 191-а - Детска проституција *(избришан со измена на КЗ Службен весник 226 од 25.12.2015 год.)* | трговија со жени |
| Глава 34 - Кривични дела против човечноста и меѓународното право | Член 418-а -Трговија со луѓе | трговија со жени |
| | Член 418-г -Трговија со дете | трговија со жени |

Табела 2: Кривични дела по глави кои го сочинуваат насилството врз жените и семејното насилство по глава, член, назив и вид на насилство

**Второ сценарио**

Правата на жртвата, меѓу кои и правото на надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд доколку надоместокот не може да се обезбеди од осудениот, е предвидено за жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години. Имено, ова право е уредено со одредбите на Законот за кривична постапка (ЗКП) глава 5 –Жртва, оштетен и приватен тужител (член 53, став 3, точка 2). Оттаму, ги издвоивме кривичните дела за кои е пропишана казна од најмалку четири години и ги споредивме со кривичните дела кои потпаѓаат под насилнички криминалитет, како и со кривичните дела кои ги регулираат различните видови на насилство врз жените и семејното насилство. Оваа споредба ја направивме со цел да утврдиме дали сегашните позитивни прописи се рестриктивно, односно (не)овозможуваат на одредени жртви на насилнички криминалитет, вклучително и на насилството врз жени и семејното насилство да го оствари своето право на надоместок.

Споредувајќи ги кривичните дела кои го сочинуваат насилничкиот криминалитет и оние кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, можеме да заклучиме дека жртвите на значителен број на кривични дела и ставови од одредени кривични дела кои спаѓаат во овој вид на криминалитет и кои согласно на Европската конвенција би имале право на надоместок не можат да го остварат ова право на надоместок во РМ согласно на сегашните позитивни законски прописи. Како што може да се забележи од табела број 3 во сите глави на кривични дела на насилнички криминалитет без исклучок има вакви кривични дела (обоени со сиво и одбележени со црвено).

| **Насилнички криминалитет за кој е пропишана затворска казна од најмалку 4 години (одбележените казнени дела не спаѓаат во оваа категорија)** | | |
|---|---|---|
| **Глава** | **број на КД** | **назив** |
| Глава 14 - Кривични дела против животот и телото | Член 123 | Убиство |
| | Член 130 | Телесна повреда |
| | Член 131 | Тешка телесна повреда |
| | Член 132 | Учество во тепачка |
| | Член 133 | Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница |
| Глава 15 - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | Член 139 | Присилба |
| | Член 140 (став 6) | Противправно лишување од слобода |
| | Член 140 (став 1, 2, 3, 4 и 5) | Противправно лишување од слобода |
| | Член 141 (став 2) | Грабнување |
| | Член 141 (став 1) | Грабнување |
| | Член 142 (став2) | Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување |
| | Член 142 (став 1) | Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување |
| | Член 143 | Малтретирање во вршење на службата |
| | Член 144 | Загрозување на сигурноста |
| | Член 145 | Нарушување на неповредливоста на домот |
| | Член 153 | Повреда на правото на поднесување правно средство |
| | Член 155 | Спречување или смеќавање јавен собир |
| | Член 156 | Повреда на правото на штрајк |
| Глава 19 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал | Член 186 (став 1, 4 и 5) | Силување |
| | Член 186 (став 2 и 3) | Силување |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 187 (став 4) | Обљуба врз немоќно лице |
| | Член 187 (став1, 2 и 3) | Обљуба врз немоќно лице |
| | Член 188 | Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години |
| | Член 189 | Обљуба со злоупотреба на положбата |
| | Член 191 (став 1, 2, 4 и 5) | Посредување во вршење проституција |
| | Член 191 (став 3) | Посредување во вршење проституција |
| | Член 191-а | Детска проституција *(избришан со измена на КЗ Службен весник 226 од 25.12.2015 год.)* |
| Глава 20 - Кривични дела против бракот, семејството и младината | Член 198 | Одземање дете |
| | Член 201 (став 3 и 4) | Запуштање и малтретирање на дете |
| | Член 201 (став 1 и 2) | Запуштање и малтретирање на дете |
| Глава 23 - Кривични дела против имотот | Член 237 (став 1, 2, 4 и 5) | Разбојништво |
| | Член 237 (став 3) | Разбојништво |
| | Член 238 (став 1,2,4 и 5) | Разбојничка кражба |
| | Член 238 (став 3) | Разбојничка кражба |
| | Член 258 (став1) | Изнуда |
| | Член 258 (став2, 3 и 4) | Изнуда |
| | Член 259 | Уцена |
| Глава 27 - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | Член 302 (став 4 и 5) | Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа |
| | Член 302 (став 1, 2 и3) | Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа |
| | Член 303 (став 2,3 и 4) | Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 303 (став 1, 5 и 6) | Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај |
| Глава 28 - Кривични дела против државата | Член 305 | Велепредавство |
| | Член 307 | Загрозување на територијалната целина |
| | Член 308 | Загрозување на независноста |
| | Член 309 | Убиство на претставници од највисоките државни органи |
| | Член 310 | Грабнување претставници на највисоките државни органи |
| | Член 311 | Насилство спрема претставници на највисоките државни органи |
| | Член 312 | Вооружен бунт |
| | Член 313 | Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста |
| | Член 314 | Диверзија |
| | Член 315 | Саботажа |
| | Член 319 | Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа |
| | Член 320 | Повреда на територијалниот суверенитет |
| | Член 321 (став 2) | Спречување на борба против непријателот |
| | Член 321 (став 1) | Спречување на борба против непријателот |
| Глава 33 - Кривични дела против јавниот ред | Член 382 | Спречување службено лице во вршење службено дејствие |
| | Член 383 | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста |
| | Член 384 | Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие |
| | Член 385 | Учество во толпа што ќе изврши кривично дело |
| | Член 386 | Насилство |
| | Член 388 | Противправно менување на територијалната поделба на Република Македонија |
| | Член 392 | Самовластие |
| | Член 394 | Злосторничко здружување |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Глава 34 - Кривични дела против човечноста и меѓународното право | Член 403 | Геноцид |
| | Член 403-а | Злосторство против човечноста |
| | Член 403-б (став 1) | Злосторство на агресија |
| | Член 403-б (став 2 и 3) | Злосторство на агресија |
| | Член 404 | Воено злосторство против цивилно население |
| | Член 405 | Воено злосторство против ранети и болни |
| | Член 406 | Воено злосторство против воени заробеници |
| | Член 407 (став 1 и 2) | Употреба на недозволени средства на борба |
| | Член 407 (став 3) | Употреба на недозволени средства на борба |
| | Член 407-б (став3) | Злоупотреба на хемиско или биолошко оружје |
| | Член 407-б (став 1 и 2) | Злоупотреба на хемиско или биолошко оружје |
| | Член 409 (став 1) | Противправно убивање и ранување на непријател |
| | Член 409 (став 2) | Противправно убивање и ранување на непријател |
| | Член 418 (став 3) | Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос |
| | Член 418 (став 1 и 2) | Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос |
| | Член 418-а (став 1, 2 и 4) | Трговија со луѓе |
| | Член 418-а (став 3 и 6) | Трговија со луѓе |
| | Член 418-б (став 1, 3, 4 и 5) | Криумчарење на мигранти |
| | Член 418-б (став 2) | Криумчарење на мигранти |
| | Член 418-г (став 8) | Трговија со дете |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 418-г (став 1, 2, 3, 4, 5 и 6) | Трговија со дете |

Табела 3: Кривични дела по глави кои го сочинуваат насилничкиот криминалитет наспрема истите кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку 4 години

Доколку пак од кривичните дела кои го регулираат насилството врз жените и семејното насилство ги издвоиме оние за кои е предвидена казана затвор од најмалку 4 години, тогаш можеме да заклучиме дека жените-жртви на најчестите кривични дела на насилство не можат да го остварат правото на надоместок, кое да потсетиме е предвидено со Истанбулската конвенција. Доколку сакаме овој заклучок да го воопштиме по видови на насилство, тогаш слободно можеме да заклучиме дека жените - жртви на психолошко и најчесто застапеното физичко насилство не можат да остварат право на надоместок на штета од страна на државата.

Жртвите на следните кривични дела на насилство врз жените и семејното насилство согласно на позитивните законски прописи на РМ не можат да го остварат правото на надоместок и тоа:

**а) Глава 14- Кривични дела против животот и телото**

**-** Член 130 (став 2)-  Телесна повреда

- Член 131 (став2)- Тешка телесна повреда

**б) Глава 15- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот**

- Член 139 (став 2) - Присилба

- Член 140 (став 2)- Противправно лишување од слобода

- Член 144 (став 2) - Загрозување на сигурноста

Ова право можат да го остварат жените-жртви на најтешкиот облик на физичко насилство, жените-жртви на сексуално насилство и трговија со жени и деца, и тоа:

**а) Глава 14- Кривични дела против животот и телото**

- Член 123 (став 2) – Убиство;

**б) Глава 19- Кривични дела против половата слобода и половиот морал**

- Член 186 (став 1) - Силување и

- Член 191 - Посредување во вршење проституција;

**в) Глава 34- Кривични дела против човечноста и меѓународното право**

- Член 418-а - Трговија со луѓе и
- Член 418-г - Трговија со дете.

**Оттука, мораме да заклучиме дека сегашната законска одредба од ЗКП (член 53, став 3, точка 2) не дозволува на сите жртви на насилнички криминалитет, вклучувајќи и на сите жени-жртви на насилство врз жени и семејно насилство да го остварат своето право на надоместок од страна на државата во услови кога тоа не може да го остварат од страна на осудениот. Во таа смисла потребно е итно усогласување на домашното законодавство (ЗКП) а со одредбите на погоре наведени меѓународни документи, односно на Европската конвенција за компензација на жртвите на насилнички криминалитет на Советот на Европа и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулската конвенција) по однос на тоа кои лица имаат право на надоместок на штета од страна на државата.**

## Б. КОЛКУ ЖРТВИ?

Во однос на утврдувањето на вториот дел од непознатата, односно колку жртви на насилнички криминалитет годишно би можеле да побараат надоместок на штета од државата, појдовме од претпоставката дека сите жртви на овој вид на криминалитет ќе го направат тоа. Основен извор на податоци кој го користевме при утврдување на бројот на жртви беа публикациите Сторители на кривични дела на Државниот завод за статистика од кои прибравме и ги анализиравме потребните податоци за последните пет години (2010, 2011, 2012, 2013 и 2014 година). Имајќи предвид дека овие публикации водат одделна статистика за полнолетни и малолетни сторители, најпрвин ги прибравме овие податоци (ги вклучуваат под категориите пријавени, обвинети и осудени сторители) и добивме два одделни прегледи (еден за полнолетни и еден за малолетни сторители). Потоа осудените полнолетни и малолетни лица ги собравме и на тој начин ја добивме вкупната бројка на осудени лица по години (прилог 1). Единствено ограничување на прибраните податоци се однесува на тоа дека Државниот завод за статистика во овие публикации не ги објавува деталните податоци за сите кривични дела, тука статистиката за одредени кривични дела ја прикажува збирна под категорија “останати” кривични дела. Токму овој недостаток на одделна статистика за секое одделно кривично дело не оневозможи во прецизно да утврдиме колкав број на жртви можат да побараат надоместок на штета за кривичните дела кои го сочинуваат насилничкиот криминалитет. Од таа причина покрај прегледот на статистиката на одделните кривични дела сторени од полнолетни и малолетни сторители ( за оние за кои постои одделна статистика) додадовме и прегледи на вкупниот број на

казнени дела по глави од КЗ со кои е регулиран насилничкиот криминалитет ( вклучувајќи ја и категоријата на "останати" кривични дела). Оттаму во иднина препорачуваме Државниот завод за статистика да ја прикажува статистиката на сторителите за сите кривични дела, како би овозможила попрецизно и точно анализирање на состојбите на криминалитет и бришење на збирната категорија "останати" кривични дела.

Бројот на тоа колку жртви би побарале надоместок на штета го засноваме на бројот на осудените сторители (полнолетни и малолетни) за кривичните дела од областа на насилничкиот криминалитет. Имено, бидејќи оваа анализа има за цел да послужи како појдовна точка во натамошна длабинска анализа по однос на сите потпрашања и аспекти опфатени со неа, во утврдување на бројот на можни жртви тргнавме од претпоставката еден осуден по кривично дело со кое како оштетена се јавува една жртва. Бројот на осудени лица (полнолетни и малолетни) по години и по глави на кривични дела е следен:

| **Осудени** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** |
|---|---|---|---|---|---|
| Глава 14 - Кривични дела против животот и телото[3] | 928 | 1022 | 924 | 956 | 967 |
| Глава 15 - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 187 | 212 | 196 | 248 | 474 |
| Глава 19 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 45 | 55 | 42 | 53 | 50 |
| Глава 20 - Кривични дела против бракот, семејството и младината | 52 | 44 | 34 | 37 | 43 |
| Глава 23 - Кривични дела против имотот | 210 | 231 | 206 | 174 | 205 |
| Глава 27 - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | / | / | / | / | / |
| Глава 28 - Кривични дела против државата | / | 1 | 1 | 5 | 3 |
| Глава 33 - Кривични дела против јавниот ред | 257 | 377 | 382 | 365 | 822 |
| Глава 34 - Кривични дела против човечноста и меѓународното право | / | 3 | / | 5 | 117 |
| **Вкупно** | **1679** | **1944 1942** | **1785 1785** | **1843 1838** | **2681 2564** |

Табела 4: Осудени полнолетни и малолетни сторители за насилнички криминалитет, односно за кривичните дела на насилнички криминалитет за кои постои одделна статистика

[3] Вклучено е и кривичното дело Убиство, иако за него надомест на штета може да побараат само посредните жртви

**Во последните пет години (2010-2014 година) се осудени 9932 сторители (полнолетни и малолетни лица) за кривични дела на насилнички криминалитет за кој постои одделна статистика, односно во просек 1986.4 осудени лица на годишно ниво. Практично нашите претпоставки се дека 1986.4 жртви на кривични дела би побарале надоместок на штета.**

Имајќи предвид дека статистиката на насилничкиот криминалитет не можевме докрај прецизно да ја утврдиме поради не постоење на одделна статистика за секое поединечно кривично дело, сакавме да ја прикажеме вкупната статистика за вкупниот број на осудени лица за сите кривични дела регулирани со главите во кои е содржан насилничкиот криминалитет (табела бр. 5). Ова особено затоа што во вкупниот број се содржани и делата кои го сочинуваат насилничкиот криминалитет, а за кои не постои одделна статистика.

| **Осудени (вкупно)** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** |
|---|---|---|---|---|---|
| Глава 14 - Кривични дела против животот и телото | 931 | 1024 | 924 | 959 | 971 |
| Глава 15 - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 218 | 245 | 224 | 288 | 306 |
| Глава 19 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 61 | 66 | 55 | 69 | 63 |
| Глава 20 - Кривични дела против бракот, семејството и младината | 273 | 318 | 305 | 305 | 276 |
| Глава 23 - Кривични дела против имотот | 4015 | 4363 | 4061 | 4426 | 4232 |
| Глава 27 - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 1799 | 1809 | 1621 | 1694 | 1722 |
| Глава 28 - Кривични дела против државата | 1 | 0 | 1 | 5 | 2 |
| Глава 33 - Кривични дела против јавниот ред | 551 | 700 | 644 | 647 | 1031 |
| Глава 34 - Кривични дела против човечноста и меѓународното право | 67 | 44 | 67 | 79 | 137 |
| **Вкупно** | **7916** | **8569** | **7902** | **8472** | **8740** |

Табела 5: Осудени полнолетни и малолетни сторители за насилнички криминалитет односно за сите кривични дела

**Вкупно во последните пет години (2010-2014 година) се осудени 41.599 сторители (полнолетни и малолетни лица), односно во просек 8.319 осудени лица на годишно ниво. Практично нашите претпоставки се дека вкупно 8.319 жртви на кривични дела би можеле најмногу да побараат надоместок на штета на годишно ниво.** Од

споредбата на податоците во двете табели (табела бр. 4 и бр.5) може да се заклучи дека бројката на насилничкиот криминалитет за кој постои одделна статистика (табела бр.4) во однос на вкупниот број (табела бр.5) преставува од една петина до една третина[4] зависно за која година зборуваме. Тоа значи дека и реалниот број на жртви на насилнички криминалитет се движи помеѓу податоците презентирани во табела 4 и вкупниот број на осудени сторители (табела бр.5).

**Покрај прашањето колку жртви на криминалитет би побарале надоместок на штета, исто така го анализиравме и прашањето кои и колку останати лица покрај жртвата можат да бараат надоместок на штета?**

Во утврдувањето на тоа кој може да побара во ваков случај надоместок на штета, исто така ги користевме меѓународните документи[5] и модели на закони[6] кои мораме да нагласиме дека овозможуваат прилично широк круг на лица да бараат надоместок од државата. Најчесто семејството и лицата кои се издржувани од жртвата се споменуваат како лица кои можат да побараат надоместок. Секако треба да се нагласи дека овие лица надоместок на штета можат да побараат во случај кога жртвата починала или пак кога таа како резултат на кривичното дело е физички и ментално неспособен за самостојно извршување на животните активности. Основите пак, по кои жртвата или членовите на нејзиното семејство, односно лицата кои биле издржувани од жртвата можат да бараат надоместок на штета ги обработивме подолу во оваа анализа. Според одредени компаративни законодавства под издржувани лица се подразбираат лица кои се издржувани од починатиот/починатата или по закон имаат право да бидат издржувани од него/неа. Па така во одредување на тоа кои лица можат да се јават како баратели на надоместок на штета можат да се набројат следните лица роднински поврзани со жртвата и тоа: родителите; брачниот или вонбрачниот другар; децата; браќата и сестрите; и нероденото дете.

Со цел симплифицирање на пресметките за оваа анализа сите овие категории на лица ги вклучивме во кругот на можни баратели, при што во максимумот на тоа колку лица по жртва би барале надоместок вклучивме двајца родители, две деца, брат и сестра, и нероденo дете со што вкупниот број на баратели по почината или жртва која е неспособна да ги извршува своите животни активности би бил седум лица (7). Во нашата земја согласно на Критериуми за надомест на нематеријална штета поради смрт, телесна повреда и нарушување на

[4] Во 2010 и 2013 година тој изнесува 21%, во 2011 и 2012 година изнесува 22% и во 2014 година изнесува 30%

[5] Европската конвенција за компензација на жртвите на насилнички криминалитет на Советот на Европа и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулската конвенција)

[6] UNOC Model Law on Trafficking in Persons (2009)

здравјето од употреба на моторни возила, Влада на РМ, Комисија за осигурување од автомобилска одговорност, Скопје, 2006 година, покрај жртвата надоместоци за нематеријална штета може да побараат брачен или вонбрачен другар, дете, родител, неродено дете, брат или сестра на жртвата. Од ова можеме да заклучиме дека согласно на овие критериуми РМ не се разликува од меѓународно предвидените стандарди по однос на лицата кои можат да бараат надоместок во случај на смрт или  на физичка и ментална неспособност на жртвата за самостојно извршување на животните активности.

Подолу во анализата ќе ја пресметаме висината на надоместокот кој би го побарал секој од погоре наведените баратели. Но, во овој дел од анализата покрај тоа кој може да побара надоместок битно беше да одредиме и колку вакви баратели се можни. Во одредување на тоа колку лица можат да побараат надоместок, тргнавме од бројот на осудени лица за кривични дела на насилнички криминалитет кои можат да резултираат со смртни последици и тешко нарушување на животот и телото, односно тешка телесна повреда кој ќе послужи како основа во утврдувањето на вкупната бројка (оваа бројка ќе ја помножиме со максимумот на лица кои можат на една жртва да побараат надоместок). Најпрвин ги утврдивме кривичните дела кои можат да резултираат со смртна и со тешка телесна повреда. Од кривичните дела на насилнички криминалитет следните можат да резултираат со смрт: член 123- Убиство; член 132-Учество во тепачка; член 140 ст.6 - Противправно лишување од слобода; член 186 ст.3 – Силување; член 187ст.3 - Обљуба врз немоќно лице; член 188 ст.2 - Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години; член 237 ст.5 – Разбојништво; член 238 ст.5 - Разбојничка кражба;член 258 ст. 4 – Изнуда; член 302 ст.5 - Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа; член 303 ст.3,4 и 6 - Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај; член 309- Убиство на претставници од највисоките државни органи; член  385 ст.2 -Учество во толпа што ќе изврши кривично дело; член 386 ст.6 –Насилство; член 403-Геноцид; член 403-а -Злосторство против човечноста; член 404-Воено злосторство против цивилно население; член 405-Воено злосторство против ранети и болни; член 406-Воено злосторство против воени заробеници; член 407 ст. 3 -Употреба на недозволени средства на борба; член 407-б ст.3 - Злоупотреба на хемиско или биолошко оружје; и член 409-Противправно убивање и ранување на непријатели. Со тешко нарушување на животот и телото, односно тешка телесна повреда можат пак да резултираат следните кривични дела од насилнички криминалитет: член 131-Тешка телесна повреда; член 132-Учество во тепачка; член 133-Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница; член 140 ст.5 - Противправно лишување од слобода; член 142 ст.2 - Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување; член 186 ст.3 – Силување; член 187- Обљуба врз немоќно лице; член 188 ст.2 - Полов напад врз дете кое не

наполнило 14 години; член 198 ст.2 - Одземање дете; член 237 ст.4- Разбојништво; член 238 ст.4 - Разбојничка кражба; член 258 ст.2 - Изнуда; член 383 ст.3 -Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста; член 385 ст.2 -Учество во толпа што ќе изврши кривично дело; член 386 ст.6 –Насилство; член 403-Геноцид; член 403-а -Злосторство против човечноста; член 404-Воено злосторство против цивилно население; член 405-Воено злосторство против ранети и болни; член 406-Воено злосторство против воени заробеници; и член 409-Противправно убивање и ранување на непријател.

По утврдување на двете категории на кривични дела ги издвоиме осудените лица за овој вид на криминалитет[7] по години (табела 6). Но, вредно е да се напомене дека одреден број на кривични дела од насилничкиот криминалитет можат да резултираат и со двете последици, односно и со смрт и со тешка телесна повреда. Оттаму, за да не ги засметуваме два пати (и во едната и во втората категорија) бројот на кривични дела кои резултираат со смртна последица и бројот на кривични дела кои резултираат со тешка телена повреда го намаливме подеднакво, односно секој за половина од бројот на овие кривични дела кои можат да резултираат и со двете последици (операциите во заградите во табела 6).

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|
| смртни | 509 (509 -238) | 612 (612 – 287.5) | 631 (631 – 296.5) | 530 (530 – 249.5) | 772 (772 – 368.5) |
| тешки телесни | 805 (805 -238) | 978 (978 – 287.5) | 875 (875 – 296.5) | 817 (817 – 249.5) | 1223 (368.5) |
| Вкупно | **1314** | **1590** | **1506** | **1347** | **1995** |
| заеднички | 476 | 575 | 593 | 499 | 737 |

Табела 6: Осудени полнолетни и малолетни сторители за кривични дела на насилнички криминалитет кои имаат за последица смрт и тешка телесна повреда по години

На овој начин бројот на кривични дела на насилнички криминалитет кој резултира со смрт за временскиот период 2010-2014 година вкупно изнесува 1.614[8] или во просек 322,8 случаи, додека вкупниот број на кривични дела кои резултираат со тешка телесна повреда за истиот период изнесува 3.258[9] или во просек за една година 651.6 случаи. **Доколку овој просечен број го помножиме со максимумот од седум (7) лица кои по жртва можат да побараат надоместок (двајца родители, две деца, брат и сестра, и неродено дете) тоа значи дека**

[7] Статистиката на Државниот завод на статистика не води статистика за одделните ставови на кривични дела, туку ги прикажува по кривични дела

[8] 2010 година изнесува 271, 2011 изнесува 324.5, 2012 година изнесува 334.5, 2013 година изнесува 280.5 и 2014 година изнесува 403.5

[9] 2010 година изнесува 567, 2011 изнесува 690.5, 2012 година изнесува 578.5, 2013 година изнесува 567.5 и 2014 година изнесува 854.5

**во случај на смрт на жртвата годишно максимум 2.261 лице може да побара надоместок, додека во случај на тешка телена повреда годишно максимум 4.564 лица може да побараат надоместок.**

## В. КОЛКУ СРЕДСТВА ЌЕ БАРААТ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ЖРТВАТА И ОСТАНАТИТЕ БАРАТЕЛИ?

Износот на штета кој може да го бара една жртва на криминалитет, исто како и останатите прашања го разгледувавме од неколку аспекти. Најпрвин во однос на тоа за кој вид на штета може да се бара надоместок од страна на државата. На ова прашање одговор баравме во меѓународно пропишаните стандарди, односно документи. Имено, во член 4 од Европската конвенцијата за компензација на жртвите на насилнички криминалитет се одредува минимумот на видови на штета кои треба да се надоместат. Минимумот предвидува надомест на изгубена заработувачка, медицински и болнички трошоци, погребални трошоци, додека блиските лица на жртвата можат да ја бараат изгубената издршка. за разлика од овој минимум да на надоместок кој може да го побараат жртвите и на ним блиските лица, Модел законот за трговија о луѓе[10] на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал. Овој модел закон ги предвидува следните видови на штета: трошоци за здравствена заштита вклучувајќи трошоци за лекување, психолошки и психијатриски третман; трошоци за рехабилитација; трошоци за превоз, издржување на децата и привремено сместување, вклучувајќи и трошоци за преселување во привременото престојувалиште; правни трошоци и сите останати трошоци поврзани со судски постапки во кои учествува жртвата; нематеријална штета (болка и душевна болка и страдање)и сите останати трошоци или загуба како резултат на кривичното дело.

Согласно на домашната законската регулатива жртвите и на ним блиските лица можат да остварат надомест на два вида на штета: материјална и нематеријална. *Материјалната штета ги* претставува сите трошоци направени по повод здравствената заштита на жртвата, транспортни трошоци, како и оштетување на подвижни предмети во сопственост на жртвата како и изгубената заработувачка (доколку жртвата била во работен однос или остварувала приходи од друга дејност, истата претрпува материјална штета во однос на платата што требала да ја зема на своето работно место или пак ги губи приходите од другата дејност). *Нематеријалната штета* опфаќа имотно правно барање за претрпени физички болки, душевни болки, страв, тежок инвалидитет, и справедлив паричен надомест за идна нематеријална штета[11]. Доколку ги споредиме домашните прописи и погоре

---

[10] https://www.unodc.org/documents/human-trafficking/UNODC_Model_Law_on_Trafficking_in_Persons.pdf

[11] справедливиот паричен надоместок за идна нематеријална штета, најчесто жртвите се здобиваат со повеќе

наведените меѓународни стандарди можеме да заклучиме единствено заостануваме зад надоместокот на материјална штета. Имено, одредени видови на материјални трошоци (предвидени со Модел законот за трговија со луѓе) не се предвидени со домашните прописи и тоа трошоците за трошоци за превоз, издржување на децата и привремено сместување, вклучувајќи и трошоци за преселување во привременото престојувалиште; правни трошоци и сите останати трошоци поврзани со судски постапки во кои учествува жртвата; како и сите останати трошоци кои се резултат на кривичното дело.

По однос на тоа колкав износ ќе се доделува, односно надоместува за различните видови на штета во нашата земја, одговор баравме во домашната судска пракса, пазарните цени и висината на различните видови на надоместоци предвидени со законските прописи на држави кои се блиски до нашата (Република Хрватска и Република Словенија). За секоја од овие алтернативи развивме одделни сценарија.

**Прво сценарио**

Еден од можните одговори на прашањето за тоа колку може да изнесува надоместокот на штета по жртва или лице блиско на неа беше логично да го побараме во судската пракса. Но во утврдувањето на овој износ не оневозможи различната судска пракса. Имено не постои упатство или препорака по која судиите би е воделе во одредувањето на надоместокот на штета, што резултира со судска пракса која се разликува од суд до суд, па дури и во рамките на еден суд.

Земајќи предвид дека различната судска пракса по однос на ова прашање е предмет за засебна анализа, во разработката на ова сценарио одлучивме да ги разгледаме и земеме предвид износите на надоместок на штета кои се досудени во случаите на трговија со луѓе. Сметавме дека во отсуство на расположливи податоци по однос на ова прашање, тие индикативно ќе ни укажат на судската пракса по однос на надоместокот на штета во однос на сите видови на дела кои спаѓаат во категоријата на насилнички криминалитет.

Наодите на Отворена порта/Ластрада Македонија укажуваат на податокот дека и покрај

повреди при што може да биде намалена нивната животна активност (на пример истата во времето на извршување на кривичното дело од страна на обвинетиот/тите, се здобие со траен инвалидитет-ампутирање на нога, на дел од тело, око, и сл.). Во таков случај жртвата може да бара справедлив паричен надомест за идна нематеријална штета која судот може да ја досуди како рента или вкупен паричен износ. Досудување на ваквиот надомест како рента значи дека судот го задолжува обвинетиот на жртвата секој месец додека таа е жива да и плаќа одредена сума на пари на име на праведен паричен надомест за идна нематеријална штета или пак судот може да го задолжи обвинетиот целосниот износ на паричниот надомест за идна нематеријална штета да го исплати веднаш. Праксата покажува дека жртвата најчесто бара судот да го задолжи обвинетиот справедливиот паричен надомест обвинетиот да го плати одеднаш бидејќи жртвата не е сигурна дали обвинетиот во иднина ќе плаќа уреден справедлив паричен надомест и колку време истиот ќе биде жив, односно дали ќе биде во можност да го прави тоа.

уреденоста на ова прашање со домашното законодавство и напорите кои нашата држава ги преземала во  насока на усогласување со меѓународното право, жртвите на трговија со луѓе се уште не можат непречено да го остварат ова право во РМ. Имено, мал е бројот на случаи во кои е досудено барања за надомест на штета, но, уште помал е бројот на случаи во кои жртвите на трговија со луѓе се обесштетени. Според податоците презентирани во Годишниот извештај на националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во РМ за 2013 (објавен февруари 2014 година),  Отворена порта во соработка со Министерството за труд и социјална политика застапувала шест (6) жртви на трговија и во текот на 2013 година донесени се четири (4) правосилни пресуди (од кои три (3) во втор степен и една првостепена пресуда) при што се досудени четири (4) барања за надомест на штета  во износ од по 400.000 МКД (приближно 6.500 ЕУР) за секоја од жртвите.

**Според судската пракса секоја од жртвите добила надомест на штета во износ од 400.000 МКД.**

**Второ сценарио**

Ова сценарио го засновавме на пазарните цени на материјалната и нематеријалната штета. Поради индивидуалноста на секоја одделна ситуација и со тоа различноста на износите на надоместок кој може да се побара од судовите по основ на материјалната штета не сме во можност да ги утврдиме сите видови на трошоци прецизно.  Оттаму во ова сценарио ја пресметувавме само нематеријалната штета.

Висината на нематеријалната штета ја утврдиме со помош на параметрите опишани во Критериуми за надомест на нематеријална штета поради смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето од употреба на моторни возила, Влада на РМ, Комисија за осигурување од автомобилска одговорност, Скопје, 2006 година. Имено овој документ единствено обезбедуваше одредени информации поврзани со нематеријалната штета и оттаму го искористивме и за утврдување на овој вид на штета во случаи на насилничкиот криминалитет. Согласно на овие критериуми постојат повеќе видови на основа по кои може да се побара надоместок (табела 6). Физичката болка, стравот, претрпената душевна болка поради намалена животна активност , и душевната болка поради нагрденост се основите по кои жртвата може да побара надоместок. Додека надоместок за душевна болка поради смрт на блиско лице, како и душевна болка поради особено тежок инвалидитет на блиско лице, односно жртвата може да побара нејзиниот брачен или вонбрачен другар, дете, родител, неродено дете, брат или сестра. Во однос на физичката болка значајно е да се истакне дека

висината на надоместокот зависи од јачината и траењето на претрпената болка (слаба, умерена и силна болка). Висината по однос на стравот се утврдува или зависи од траењето и јачината на претрпениот страв при нанесување на тешка телесна повреда или ако јачината на стравот траела подолго и оставила трајни последици на психичкиот живот на жртвата. Во однос на претрпената душевна болка поради намалена животна активност, таа ги опфаќа сите ограничувања на овие активности кое жртвата редовно ги остварува или е извесно дека би ги остварувала, вклучувајќи и вршење на активности со зголемен напор или под посебни услови. Основни фактори кои ја одредуваат висината на овој вид на болка е возраста (четири категории и тоа до 45 години, од 45 до 60 години, од 60 до 70 години и повеќе од 70 години) и степенот на намалена животна активност (до 25%, од 25% до 50%, од 50% до 80% и од 80% до 100%). И кај душевната болка поради нагрденост висината се утврдува врз основа на степенот на нагрденост (мал, умерен и силен) и возраста на жртвата (до 35 години, од 35 до 50 години, од 50 до 65 години и над 65 години).

Покрај жртвата надоместоци за нематеријална штета може да побараат брачен или вонбрачен другар, дете, родител, неродено дете, брат или сестра на жртвата. Еден од нив е душевна болка поради смрт на блиско лице, односно жртвата, при што висината зависи од лицетот кое бара надоместок (брачен или вонбрачен другар и дете; родител; неродено дете; брат или сестра доколку постоела потрајна животна заедница со жртвата). Кога станува збор за душевната болка поради особено тежок инвалидитет доколку процентот на намалување на животна активност е еднаков или поголем од 70%), висината исто така зависи од сродството на барателот со жртвата.

Во табелата подолу прикажани се просечните висини на сите видови на надоместоци кои може да ги побара жртвата и на неа блиските лица во случај на незина смрт или поради особено тежок инвалидитет.

Следните видови на нематеријална штета можат да се побараат:

| **Лица** | **Вид на надоместок** | **Износ во МКД** |
|---|---|---|
| Жртва | Физичка болка | 145.000 |
| Жртва | Страв (50  до 70% од физичка болка) | 101.500 |
| Жртва | Претрпена душевна болка поради намалена животна активност | 137.500 |
| Жртва | Душевна болка поради нагрденост | 75.000 |
| Други лица | Душевна болка поради смрт на блиско лице | 237.500 |

| | | |
|---|---|---|
| Други лица | Душевна болка поради особено тежок инвалидитет на блиско лице | 162.500 |

Табела 7 : Видови на надоместок на штета, лицето кое може да ја бара и нивните износи изразени во МКД

**Практично жртвата на име на нематеријална штета може да побара вкупен просечен износ на штета во вредност на 459.000 МКД, додека во случај на смрт на жртвата лицата блиски на неа можат да побараат просечен износ на штета од 237.500 МКД или пак во случај кога жртвата се стекнала со особено тежок инвалидитет тогаш на неа блиските лица имаат право на просечен износ на штета од 162.500 МКД.**

**Трето сценарио**

И на крај сметавме дека е потребно да ги разгледаме компаративните законски решенија и тоа оние на Република Хрватска и Република Словенија каде постојат одделни законски прописи кои ја уредуваат материјата на надоместок на штета.

На пример во Република Хрватска, односно во Законот за паричен надоместок за жртвите на кривични дела (НН 80/08, 27/11)[12] прави разлика меѓу непосредна (член 5 став 2 и 4) и посредна жртва (член 5, став 5, 6 и 7). Непосредна жртва е лицето кое претрпело тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето како последица на насилничкото кривично дело. Посредна жртва е пак, брачниот и вонбрачниот другар на жртвата, децата, родителите, посвоениците, маќеата, очувот, посинокот и лицето кое живеело со жртвата во истополова заедница. Посредни жртви можат да бидат и дедото/бабата и внукот/внуката, доколку некој од нив е непосредна жртва, а тие живееле во заедница во која дедото и бабата ги заменувале родителите на внукот/внуката.

Согласно на законот овие два вида на жртви имаат право на следните видови на надоместок на штета:

| **Жртва** | **Вид на надоместок** | **Износ (ХК[13])** |
|---|---|---|
| непосредна | Здравствена заштита (член 10) | Нема специфично одредено[14] |
| непосредна | Изгубена заработувачка (член 11) | 35.000[15] |
| посредна | Изгубено издржување (член 12) | 70.000[16] |

[12] http://www.zakon.hr/z/252/Zakon-o-nov%C4%8Danoj-naknadi-%C5%BErtvama-kaznenih-djela
[13] Хрватски куни
[14] во висина соодветно на прописите на здравственото осигурување
[15] Еднократен износ од најмногу 35.000 куни
[16] Во највисок износ

| | | |
|---|---|---|
| посредна[17] | Погребални трошоци (член 13) | 5.000[18] |

Табела 8: Видови на надоместок на штета, лицето кое е овластено да ја бара и нивните износи изразени во куни (Република Хрватска)

**Практично надоместокот за непосредната жртва на насилнички криминалитет во Р. Хрватска изнесува 35.000 хрватски куни (земени се само трошоците за изгубена заработувачка бидејќи здравствените претпоставуваме дека ќе се покријат со здравственото осигурување) или 286.872,15 МКД[19] и за посредната жртва 75.000 хрватски куни под услов таа да ги надоместила погребалните трошоци или 614.726,03 МКД.**

Во Република Словенија пак, согласно на Законот за компензација на жртвите на криминалитет[20] право на надоместок на штета имаат жртвата и во случај на нејзина смрт лицата кои таа ги издржува, односно се издржувани од неа. Согласно на дефинирањето на овие два поима, "жртва" е лицето кое како резултат на насилнички криминалитет претрпело штета, додека под поимот "издржувани лица" се лица кои се или би требало да бидат издржувани од страна на жртвата согласно на законот.

Постојат седум видови на надоместок на штета кои можат да бидат исплатени согласно на овој закон и тоа следните:

| **Лице** | **Вид на надоместок** | **Износ (евра)** |
|---|---|---|
| Жртва | Физичка болка или телесна повреда (член 9)<br>- Едноставен<br>- Средно сериозен<br>- Сериозен<br>- Многу сериозен<br>- Екстремно сериозен | <br>од 50 до 500<br>од 100 до 1.000<br>од 250 до 2.500<br>од 500 до 5.000<br>од 1.000 до 10.000 |
| Жртва | Душевна болка (член 10)[21]<br>- Загуба на уживање во животот<br>- Нарушување на слободата | <br>до 7.500<br>до 5.000 |

[17] лицето кое ги платило овие трошоци
[18] најмногу
[19] Курс на 08.04.2016 година
[20] http://ec.europa.eu/justice_home/judicialatlascivil/html/pdf/national_law_cv_sln_en.pdf
[21] Но не повеќе од 10.000 евра за повеќе основи

| | | |
|---|---|---|
| | - Нагрдување<br>- Повреда на човечкото достоинство<br>- Повреда на други лични права | до 3.000<br>до 1.500<br>до 2.500 |
| издржувано лице | Душевна болка (член 10) | до 10.000 |
| издржувано лице | Изгубена издршка (член 11) | до 20.000 |
| Жртва | Медицински и болнички трошоци (член 12) | Нема[22] |
| издржувано лице | Погребални трошоци (член 13) | Нема[23] |
| жртва | Оштета за уништени медицински помагала (член 14) | Нема[24] |
| жртва или издржувано лице | Трошоци за постапката за барање на надоместок на штета (член 15) | Нема[25] |

Табела 9: Видови на надоместок на штета, лицето кое е овластено да ја бара и нивните износи изразени во евра (Република Словенија)

**Надоместокот за жртвата на насилнички криминалитет во Р. Словенија во просек изнесува 15.250 евра (во овој износ вклучени се трошоците кои се монетарно изразени во табела бр. 7, односно физичка и душевна болка), додека се друго за што не е наведена специфична монетарна вредност претпоставуваме дека ќе се исплати согласно со прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување. Во МКД овој износ изнесува 936.028,52 МКД[26]. Велиме во просек, затоа што износот за физичка болка и телесна повреда го пресметавме како просек од најниската до највисоката вредност која може да се исплати за овој вид на штета. Додека за душевна болка го земавме највисокиот износ кој воопшто може да се исплати по овој основ, односно 10.000 евра, претпоставувајќи дека едно лице секако ќе побара надоместок по повеќе основи. Издржуваното лице пак, може да бара надоместок во највисок износ од 30.000 евра или во износ од 1.841.367,58 МКД[27].**

## Г. ПРЕГЛЕД НА ТРОШОЦИТЕ ЗА НАДОМЕСТОК ЗА ЖРТВИТЕ НА НАСИЛНИЧКИ КРИМИНАЛИТЕТ НА ГОДИШНО НИВО ПО СЦЕНАРИЈА...

[22] Согласно на прописите за здравствена заштита и здравствено осигурување
[23] Согласно на прописите за здравствена заштита и здравствено осигурување
[24] Согласно на прописите за здравствена заштита и здравствено осигурување
[25] Согласно на потребите
[26] Курс на 09.04.2016 година
[27] Курс на 08.04.2016 година

Откако утврдивме кои и колку лица можат да бараат надомест (жртвите и на ним блиските лица), како и колку може да им се додели на овие лица на име на материјална и нематеријална штета (според судската пракса, пазарните цени и прописите на сродни земји) ги пресметавме трошоците кои ни се потребни за надомест на штета. Односно бројот на жртви

## Прво сценарио според судската пракса

За потсетување според судската пракса на жртвите на трговија со луѓе им беа исплатени надомести на штета во износ од по 400.000 МКД (приближно 6.500 ЕУР) за секоја од жртвите. Бројот пак на жртвите на насилнички криминалитет кои би побарале штета е 1986.4 осудени лица на годишно ниво. **Според ова сценарио потребни се 794.560.000,00 МКД на годишно ниво (потребни средства= 400.000 МКД Х 1986.4 лица).** Ограничувањето на ова сценарио е тоа што се однесува само за жртвите, а не аи за на ним блиските лица кои исто така имаат право да бараат надоместок на штета.

## Второ сценарио според пазарни цени

Единственото ограничување на ова сценарио е тоа што се однесува само на надоместокот на нематеријална штета.

| **Жртва или издржувано лице** | **Земја** | **Износ во МКД** | **Број на жртва/издржувано лице** | **Вкупно во МКД** |
|---|---|---|---|---|
| непосредна жртва | РМ | 459.000,00 | 1986.4 | 911.757.600,00 |
| Блиски лица во случај на смрт на жртвата | РМ | 237.500,00 | 2261 | 536.987.500,00 |
| Блиски лица во случај на особено тежок инвалидитет на жртвата | РМ | 162.500,00 | 4564 | 741.650.000,00 |
| **Вкупно** | | | | **2.190.395.100,00** |

Табела 10: Надоместок на нематеријална штета за жртвите и на ним блиските овластени лица, просечните износи на штета по жртва/баратели и вкупниот износ на штета изразени во МКД

Според ова сценарио потребни се 911.757.600,00 МКД за надомест на жртвите на годишно ниво. За лицата баратели на кои им починал како резултата на кривично дело на насилнички криминалитет ќе бидат потребни 536.987.500,00 МКД, односно за оние на кои

жртвата претрпела тешки телесни оштетувања се потребни 741.650.000,00 МКД. Вкупно за непосредните и посредните жртви потребни се **2.190.395.100,00 МКД на годишно ниво.**

## Трето сценарио според прописите на Република Хрватска и Република Словенија

Според сценаријата на Р.Хрватска и Р.Словенија кои се потполни во смисла на тоа што предвидуваат трошоци и за непосредните и посредните жртви, односно на ним блиските лица. Имено, за една година надомест на штета на жртвите на насилнички криминалитет во РМ потребни се 4.578.305.940,76 МКД (табела 11) според висината на надоместите предвидени во Р. Хрватска.

| **Жртва или издржувано лице** | **Земја** | **Износ во МКД** | **Број на лица** | **Вкупно во МКД** |
|---|---|---|---|---|
| непосредна жртва | Р. Хрватска | 286.872,15 | 1986.4 | 569.842.838,76 |
| посредна жртва за изгубена издршка | Р. Хрватска | 573.744,00 | 6825[28] | 3.915.802.800,00 |
| посредна жртва за погребални трошоци | Р. Хрватска | 40.982,00 | 2261[29] | 92.660.302,00 |
| Вкупно | | | | **4.578.305.940,76** |

Табела 11: Надоместок на штета по вид на жртва и износите кои можат да ги бараат во Р. Хрватска изразени во МКД

Според висината на надоместите предвидени во Р. Словенија пак за надомест на жртвите за време од една година потребни ни се 14.426.660.785,63 МКД (табела 12).

| **Жртва или издржувано лице** | **Земја** | **Износ во МКД** | **Број на лица** | **Вкупно во МКД** |
|---|---|---|---|---|
| жртва | Р. Словенија | 936.028,52 | 1986.4 | 1.859.327.052,13 |
| издржувано лице за душевна болка и изгубена издршка | Р. Словенија | 1.841.367,58 | 6825[30] | 12.567.333.733,50 |
| Вкупно | | | | **14.426.660.785,63** |

Табела 12: Надоместок на штета по вид на жртва и износите кои можат да ги бараат во Р. Словенија изразени во МКД

[28] Збир од кривичните дела со смртни последици (2261) и кривичните дела со тешки телесни повреди (4564)
[29] Бројот на кривичните дела со смртни последици (2261)
[30] Збир од кривичните дела со смртни последици (2261) и кривичните дела со тешки телесни повреди (4564)

## II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ФОНД

Во овој дел од анализата даваме краток осврт на значењето на финансиската одржливост во работењето на Државниот фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет (во натамошен текст Државен фонд), постоечки модели на финансирање на Државните фондови во други земји од светот и можните извори на средства од централниот буџет на Република Македонија кои можат да се алоцираат при поставувањето на моделот за финансирање на Државниот фонд.

### А. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ФОНД ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ЖРТВИ НА НАСИЛНИЧКИ КРИМИНАЛИТЕТ

Кога зборуваме за финансиските импликации од донесувањето на Законот за државен фонд, особено внимание треба да се посвети не само на трошоците за оперативно и административно работење и управување со фондот при спроведување на постапката за надомест на штета, туку и на самата исплата на доделената компензација и механизмите за финансиска одржливост и финансиски континуитет на фондот. Дополнително, со законот треба да се обезбеди навремена алокација на средства во буџетот на Државниот фонд со цел негово непречено функционирање и спроведување на програмата за надоместување на жртвите.

Средствата во буџетот на фондот не треба да претрпуваат сериозни флуктуации од година во година, па затоа при поставување на шемата за финансирање на фондот особено внимание треба да се посвети на поставување на механизми за заштита на постојаноста на средствата во буџетот. Односно, при поставувањето на темелите на државниот фонд треба особено внимание да се посвети на мапирање на изворите на приходи, кои ќе се користат како изворни приходи кои директно ќе алоцираат во неговиот буџет (пример: наплата на казни, конфискација на имот во кривични постапки, итн.) и како приходи кои се остваруваат во централниот буџетот по други основи, не нужно како резултат на кривични и со нив поврзани постапки. При поставувањето на структурата и правните темели за регулирање на функционирањето на фондот и постапката за надоместување на жртвите, јасно треба да се наведат изворите на средства кои ќе се користат за финансирање на фондот, при тоа водејќи сметка да истите можат да бидат мониторирани во текот на нивното извршување.[31]

## Б. КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ НА МОДЕЛИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ФОНД

Во светот постојат три модели за финансирање на државниот фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет, и тоа: *првиот модел* се заснова исклучиво на даночни средства, односно средства од наплата на изворни приходи; *вториот модел* се заснова на средства прибрани од сторителите на кривични дела и други приватни извори и *третиот модел* се заснова на средства обезбедени од наплата на даноци и средства прибрани од сторителите на кривични дела и други приватни извори (комбинација помеѓу првиот и вториот модел). Меѓутоа, во основата на сите модели на финансирање е парадигмата за обезбедување на одржливост и постојаност во изворите на средства кои ќе се користат како приходи за финансирање на државните фондови.

[31] file:///C:/Users/user/Downloads/253_CRIM_MNG_26%20July%202014_en.pdf

Државниот фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет на Соединетите Американски Држави (САД)[32] на пример се финансира од парични казни и казни исплатени од осудени сторители на кривични дела, депозити за кривични казни, казни и посебни проценки прибрани од страна на канцеларијата на Правници на САД, федералните судови на САД и Федералното биро на затвори. Дополнително, Фондот во САД остварува и приходи од подароци, донации, како и имот отстапен од приватни лица во корист на државата (каде државата се јавува како наследник). Покрај тоа што државата се јавува како примарен обезбедувач на средствата за компензација на жртвите директно, државата обезбедува помош и поддршка на жртвите преку обезбедување на грантови за давателите на услуги кои пружат директна помош и поддршка на жртвите на насилнички криминалитет.

Државниот фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет на Франција[33] пак, се финансира комбинирано од два извори и тоа: преку наплата на даноци од склучени договори за осигурување на имот и надоместоци исплатени од сторители на кривични дела во текот на кривичната постапка.

Во Словенија[34] финансирањето на државниот фонд претежно се заснова на средства прибрани во буџетот на државата преку наплата на надоместоци при поднесување на жалби, поврат на бесправно стекнати средства и средства acquired on the basis of deferred prosecution pursuant. Во земјите од регионот во кои е формиран Државен фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет во најголема мера се користи моделот на Словенија. Односно, ваков модел се користи во Црна Гора, Хрватска, Бугарија итн.

## В. МАПИРАЊЕ НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА РМ И ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ФОНД

Со цел да помогнеме во утврдувањето на основната база на приходи за финансирање на Фондот, спроведовме анализа на буџетот на РМ и Правилникот за класификација на приходите преку која ги мапиравме сите приходни конта кои можат да се искористат за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет.

Врз основа на практиките во другите земји од регионот и светот при обезбедување на средства за функционирање на државниот фонд, како и врз основа на трите модели за

[32] http://www.ovc.gov/about/victimsfund.html
https://www.law.cornell.edu/uscode/text/42/chapter-112
http://ojp.gov/ovc/pubs/crimevictimsfundfs/intro.html
[33] http://www.justice.gouv.fr/art_pix/indemnisation_victime_an.pdf
[34] http://ec.europa.eu/justice_home/judicialatlascivil/html/pdf/national_law_cv_sln_en.pdf

финансирање на државниот фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет, образложени понапред во оваа анализа, во овој дел даваме конкретни предлози за приходни ставки од централниот буџет на РМ кои треба да се земат во предвид при поставувањето на финансиската структура на државниот фондот.

Предлозите ги групираме во три поединечни сценарија и тоа:

- **прво и второ сценарио**, кои се засноваат на основните принципи на кои се базира вториот модел за финансирање на државниот фонд образложен понапред во оваа анализа, каде средствата во буџетот на фондот доаѓаат од наплата на средствата од сторители на кривични дела.
- **трето сценарио, кое се заснова на основните постулати на првиот модел** за финансирање на државниот фонд образложен понапред во оваа анализа, каде средствата во буџетот на фондот се обезбедуваат преку наплата на јавни приходи, односно изворни приходи.

Со првите две сценарија предлагаме користење на средства кои се плаќаат како резултат на сторени кривични дела и кои можат директно да се поврзат со државниот фонд како резултат на нивната изворна природа. А пак, третото сценарио со кое се предлага користење на средства прибрани со наплата на јавни давачки, сметаме дека е особено значајно, бидејќи финансиската шема на која ќе се базира финансирањето на фондот треба задолжително да содржи извори на средства кои ќе овозможат одржливост и постојаност на приходите за непречено функционирање и финансирање на фондот. Затоа цениме дека во Република Македонија треба да воспостави модел на финансирање на фондот кој ќе се заснова на средства прибрани од сторители на кривични дела и јавни давачки, односно комбиниран модел.

**Прво сценарио**

Ова сценарио се заснова на буџетот на Агенцијата за управување со одземен имот. Агенцијата за управување со одземен имот (во натамошен текст Агенција) согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка: управува со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети; со согласност на судот и надлежниот орган управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот; ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист; го продава одземениот имот и стока; стопанисува со одземениот имот и стока; го отстапува одземениот имот и стока на државни и други организации итн.

Во периодот од 2011 до 2015 година, Агенцијата на годишно ниво располага со буџет во просечен износ од 15.057.998 денари. Во истиот период во буџетот на Агенцијата се бележи континуиран пораст на износот на средства за функционирање на Агенцијата и тоа годишно ниво се бележи просечна стапка на пораст во износ од 28 %.

Агенцијата за управување со конфискуван имот за своето административно и техничко работење добива средства директно од централниот буџет на РМ, а истата преку своето работење не остварува приходи. Односно, агенцијата само управува со конфискуваниот имот и имотна корист, а средствата кои ги остварува по различни основи во текот на постапката на управување преку приходната шифра 722115 (парични средства добиени од продажба на одземени стоки) ги трансферира директно во централниот буџет на РМ и со нив управува Министерството за финансии. Дел од средствата, за кои не е донесена правосилна одлука од судот, ги задржува на својата сметка (100-0000000630-95 при НБРМ подсметка 040136140969619) се до моментот на донесување на одлуката. А пак, во меѓувреме стопанисува со имот.

**Во периодот од 2011 до 2015 година, Агенцијата за управување со одземен имот остварила вкупно 127.662.901 денари или 2.075.820 евра** од продажба на одземени стоки, продажба на одземен движен и недвижен имот, доброволно плаќање на имотна корист и продажба на привремено одземен имот.. Оттука, на годишно ниво по сите погоре наведени основи Агенцијата остварува приход во просек од 25.532.580 денари или 415.164 евра.

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 2011 до 2015 година:

- од продажба на одземени стоки остварила приход во износ од 45.931.166 денари или во просек 11.482.792 денари на годишно ниво.[35]
- од продажба на одземен движен и недвижен имот по пат на електронско јавно наддавање, остварила приходи во износ од 45.749.080 денари или пак во просек 22.874.540 денари на годишно ниво.[36]
- од доброволно плаќање на имотна корист стекната од кривични дела Агенцијата прибрала вкупно 553.282 денари.[37]
- продажба на привремено одземен имот за кој е проценето дека со чување на се намалува неговата вредност или трошоците за чување се несразмерно големи изнесува 35.429.373 денари.[38]

**Второ сценарио**

[35] **2011 –** 3.162.052 денари**; 2012 –** 426.063 денари**; 2013 –** 0 денари**; 2014 –** 35.429.373 денари **и 2015 –** 6.913.678 денари

[36] **2014** – 37.538.373 денари и **2015** – 8.210.707 денари

[37] Ваков тип на приходи Агенцијата остварила само во 2015 година

[38] Ваков вид на приходи се остварени во 2014 година од продажба на тутун

Ова сценарио се заснова на паричните средства обезбедени преку наплата на глоби за кривични дела. **Во периодот од 2011 до 2015 година, во буџетот на РМ, на приходна шифра 722113 (наплата на глоби за кривични дела) се остварени вкупно 207.989.078 денари или пак 3.381.936 евра.** Овие приходи се слеваат директно во централниот буџет на РМ и во просек на годишно ниво изнесуваат 41.597.816 денари или 676.387 евра.[39]

**Трето сценарио**

Ова сценарио се заснова на други приходни ставки на буџетот на РМ. Во периодот од 2011 до 2015 година на приходните ставки во буџетот на Р. Македонија евидентирани се во просек 145.659.400.000 денари на годишно ниво, од кои 95 % се резултат на наплата на изворни приходи[40], 2% на наплата на капитални приходи[41] и 3% се резултат на остварени донации. Дополнително, за финансирање на буџетскиот дефицит (разликата помеѓу буџетските приходи и расходи) во просек на годишно ниво прибирани се 18.147.400.000 денари преку задолжување во земјата и странство.

Како основа за финансирање на Државниот фонд за обесштетување на жртви на насилнички криминалитет во Р. Македонија за потребите на оваа анализа земени се само оние приходи кои се остварени преку наплата на изворни приходи, односно приходите остварени преку наплата на даноци, такси и други јавни давачки во земјата и капитални приходи (141.955.000.000 денари). Средствата од донации и заеми, како непостојани извори на приходи во буџетот на Р. Македонија, не ги земаме во предвид при оваа анализа, од причина што истите не ја обезбедуваат одржливоста на Фондот.

Како приходи кои можат да се користат во финансирањето на државниот фонд ги предлагаме следните приходи од централниот буџет на РМ :

- **Даночни приходи, приходна категорија 71** ( во оваа категорија влегуваат следните приходни ставки: 711- данок од доход, од добивка и од капитални добивки; 712 – придонеси за социјално осигурување; 713 – Даноци на имот; 714 – домашни даноци на стоки и услуги; 715 – царини; 717 – други специфични услуги; 718 – такси на користење или дозволи за вршење на дејност);
- **Неданочни приходи, приходна категорија 72** ( во оваа категорија влегуваат следните приходни ставки: 721 – претприемачки приходи и приходи од имот; 722 - глоби, судски и

[39] **2011 –** 31.696.336**; 2012 –** 30.307.395**; 2013 –** 36.056.348**; 2014 –** 51.543.114**; 2015 –** 58.385.885

[40] Во изворни приходи влегуваат приходи остварени од наплата на: данок на доход, данок на добивка, данок на капитална добивка, данок на додадена вредност, царини, акцизи, итн.

[41] Во капитални приходи влегуваат приходи остварени од наплата на дивиденда, продажба на земјиште и нематеријални вложувања и продажба на капитални средства

административни такси; 723 - такси и надоместоци; 724 - други владини услуги; и 725 - други неданочни приходи)

- **Капитални приходи, приходна категорија 73** (во оваа категорија влегуваат следните приходни ставки: 731 – продажба на капитални средства, 732 – продажба на стоки, 733 - продажба на земјиште и нематеријални вложувања и 734 – приходи од дивиденди)

Приходните конта за евидентирање на приходи од трансфери и донации (74), домашно задолжување (75) и задолжување во странство (76), продажба на хартии од вредност (77), приходи од отплата на заеми (78) и разлика на приходи и расходи (79) сметаме дека не треба да се земат во предвид при поставувањето на шемата за финансирање на државниот фонд.

**Во периодот од 2011 до 2015 година, на годишно ниво, во централниот буџет на Р. Македонија на име даночни, неданочни и капитални приходи[42] во просек се прибирани 96.09 милијарди денари** Од кои, 82.04 милијарди денари на приходна ставка даночни приходи (86%); 10.74 милијарди денари на приходна ставка неданочни приходи (11%) и 3.31 милијарди денари на име капитални приходи (3%).

Најголем износ на средства од ставката даночни приходи отпаѓаат на средствата прибрани од наплата на даноци на стоки и услуги (71%), понатаму на средства прибрани од наплата на даноци од меѓународна трговија и трансакции (5%), средства прибрани од наплата на такси од користење или дозволи за вршење на дејност (4%), итн. (види табела 13).

**Од средствата прибрани преку наплата на неданочни приходи** (приходна категорија 72), 4% се средства од претприемачки приходи и приходи од имот; 19% се средства од глоби, судски и административни такси; 34% се средства од наплата на такси и надоместоци; 24% се средства евидентирани како приходи од други владини услуги и 19% се средства од други неданочни приходи. Бидејќи во оваа приходна категорија влегуваат и средствата обработени во првото и второто сценарио, за потребите на оваа анализа ќе го земеме вкупниот износ на средства прибрани од наплата на неданочни приходи (10.736.334.412 денари) намалени за износот на средства прибрани од продажба на одземени стоки, продажба на одземен движен и недвижен имот, доброволно плаќање на имотна корист и продажба на привремено одземен имот (25.532.580 денари) и наплата на глоба од кривични дела (41.597.816 денари). Односно, 10.669.204.016 денари (види табела 13).

Од средствата прибрани преку наплата на капитални приходи (приходна категорија 73), 54% се средства од дивиденди; 30% се средства од продажба на земјиште и нематеријални

[42] Овој износ претставува сума од просечниот износ на средства прибрани во буџетот во периодот на приходните конта број 71, 72 и 73 презентирани во завршните сметки на буџетот на Р. Македонија од 2011 до 2014 година и измените и дополнувањата на буџетот на Р. Македонија за 2015 година. Важно е да се наспомене дека овие износи содржат само средства прибрани на буџетска сметка на основниот буџет и буџетот на самофинансирачки активности.

вложувања; 10% се средства од продажба на капитални средства и 6% од продажба на стоки (види табела 13).

| Категорија Ставка | Опис | ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **78.095.812.997** | **75.765.354.839** | **77.685.026.446** | **84.232.019.046** | **94.404.906.000** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 13.529.903.669 | 13.405.622.492 | 14.887.215.219 | 17.659.693.362 | 23.661.986.000 |
| 712 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 297.096 | 0 | 0 | 0 |
| 713 | Даноци на имот | 0 | 332.505 | 0 | 40.000 | 0 |
| 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 56.993.623.718 | 54.285.491.438 | 55.121.099.463 | 60.736.257.157,00 | 63.475.420.000 |
| 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 3.778.762.178 | 4.066.631.728 | 4.254.550.927 | 4.221.811.269,00 | 4.843.000.000 |
| 716 | Еднократни посебни такси | 15.113.966 | 12.868.537 | 10.264.513 | 9.286.665,00 | 0 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 8.705.252 | 8.572.703 | 9.694.365 | 10.202.975,00 | 0 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 3.769.704.214 | 3.985.538.340 | 3.402.201.959 | 1.594.727.618,00 | 2.424.500.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **10.161.012.080** | **9.212.700.898** | **10.890.532.172** | **9.340.181.910,00** | **14.077.245.000** |
| 721 | Претприемачки приходи и приход од имот | 377.044.591 | 191.743.686 | 274.073.924 | 302.931.412,00 | 993.650.000 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.870.170.054 | 1.785.137.143 | 1.885.323.960 | 2.061.672.875,00 | 2.352.695.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 3.928.344.092 | 3.383.527.488 | 3.432.287.607 | 3.201.169.021,00 | 4.380.759.000 |
| 724 | Други владини услуги | 2.115.276.435 | 2.310.875.484 | 2.064.058.227 | 2.603.753.058,00 | 3.769.780.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 1.870.176.908 | 1.541.417.097 | 3.234.788.454 | 1.170.655.544,00 | 2.580.361.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **3.778.790.759** | **4.424.497.561** | **3.387.158.264** | **2.059.636.693** | **2.877.950.000** |
| 731 | Продажба на капитални средства | 395.882.299 | 397.144.167 | 328.865.821 | 235.236.301 | 300.000.000 |
| 732 | Продажба на стоки | 0 | 128.786.667 | 10.970.696 | 22690146 | 0 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематријални вложувања | 1.050.965.407 | 1.353.519.384 | 855.593.061 | 0 | 1.702.950.000 |
| 734 | Приходи од дивиденда | 2.331.943.053 | 2.545.047.343 | 2.191.728.686 | 962.592.490 | 875.000.000 |
| | **ВКУПНО** | **92.035.615.836** | **89.402.553.298** | **91.962.716.882** | **95.631.837.649,00** | **111.360.101.000** |

Табела 13: Приказ на даночни, неданочни и капитални приходи во централниот буџет на РМ прибрани во основниот буџет и буџетот на самофинансирачки активности во периодот од 2011 до 2015 година

## Г. ПРЕГЛЕД НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ НА НАСИЛНИЧКИ КРИМИНАЛИТЕТ

| Извори на средства | Износ во денари на годишно ниво | Процентуално учество на поединечните извори во вкупните расположливи средства во централниот буџет на РМ за финансирање на државниот фонд |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на одземени стоки, продажба на одземен движен и недвижен имот, доброволно плаќање на имотна корист и продажба на привремено одземен имот | 25.532.580 | 0,03% |
| Глоби за кривични дела | 41.597.816 | 0,04% |
| Даночни приходи | 82.036.623.866 | 85,38% |
| Неданочни приходи | 10.669.204.016 | 11,10% |
| Капитални приходи | 3.305.606.655 | 3,45% |
| **ВКУПНО** | **96.078.564.933** | **100%** |

Табела број 14: Приказ на извори на приходи кои и стојат на располагање на РМ за финансирање на Државниот фонд за обесштетување на жртвите на насилнички криминалитет

## III. ЗАКЛУЧОК

Целта на оваа анализа е да дадеме одговор на две подеднакво битни прашања. Првото, колку би можеле да изнесуваат трошоците поврзани со надоместат на штета на жртвите на насилнички криминалитет (непосредната жртва) и на ним блиските лица (посредните жртви) на годишно ниво од страна на државата, во случај кога сторителот нема да го надомести истите. И второто, да дадеме одговор на прашањето од каде може да се надоместат овие трошоци или кои се изворите на приходи за надоместување на истите. При давањето на одговор на ова второто особено водевме сметка за идентификување на можни извори на приходи кои ќе значат одржлив државен фонд за надомест на штета.

Според пресметките на трошоците кои ги подготвивме според три сценарија во донесувањето на заклучок за тоа дали и кои извори би биле доволни, со право ги земавме предвид пресметките на трошоците под третото сценарио, бидејќи тие ги содржат трошоците и за непосредната и за посредните жртви. **Според него на РМ ќе и бидат потребни минимум 4.578.305.940,76 МКД, а максимум 14.426.660.785,63 МКД на годишно ниво за надомест на штета.**

**Трошоци**

| Сценарио | Износ |
|---|---|
| **Прво сценарио (само непосредните жртви)** | **794.560.000,00** |
| **Второ сценарио (само нематеријална штета)** | **2.190.395.100,00** |
| **Трето сценарио Р. Хрватска** | **4.578.305.940,76** |
| **Трето сценарио Р. Словенија** | **14.426.660.785,63** |

Табела 15: Преглед на трошоци според одделни сценарија за една година изразени во МКД

Од друга страна пак, постојат повеќе извори на приходи кои можат да послужат во постојано обезбедувањето на средства, а со тоа и непречено надоместување на штета во нашата земја (табела 16).

**Извори на приходи**

| Извори на средства | Износ во денари на годишно ниво |
|---|---|
| **Приходи од продажба на одземени стоки, продажба на одземен движен и недвижен имот, доброволно плаќање на имотна корист и продажба на привремено одземен имот** | **25.532.580,00** |
| **Глоби за кривични дела** | **41.597.816,00** |
| **Даночни приходи** | **82.036.623.866,00** |
| **Неданочни приходи** | **10.669.204.016,00** |
| **Капитални приходи** | **3.305.606.655,00** |
| **ВКУПНО** | **96.078.564.933** |

Табела 16: Преглед на извори на средства според одделни сценарија за една година изразени во МКД

Како што се забележува од табелата средствата кои сега се прибираат од продажба на одземени стоки, продажба на одземен движен и недвижен имот, доброволно плаќање на имотна корист и продажба на привремено одземен имот (25.532.580,00 МКД) и глоби за кривични дела (41.597.816,00 МКД) заедно, не се доволни за задоволување на потребите. **За исполнување на минимумот од 4.578.305.940,76 МКД потребно е да се земат приходите од овие две ставки во вкупен износ од 67.130.396,00 МКД и дел од ставката неданочни приходи во износ од 4.511.175.544,76 МКД.**

**За исполнување на оптималното сценарио од 14.426.660.785,63 МКД пак, потребни ни се средствата од продажба на одземени стоки, продажба на одземен движен и недвижен имот, доброволно плаќање на имотна корист и продажба на привремено одземен имот (25.532.580,00 МКД) и глоби за кривични дела (41.597.816,00 МКД), вкупните средства кои се прибираат од неданочни приходи (10.669.204.016,00 МКД) и износ од 3.690.326.373,63 МКД од даночни приходи.**

# Прилог 1. Осудени полнолетни и малолетни сторители за дела на насилнички криминалитет за 2010-2014

| Насилнички криминалитет (осудени) | | | 2010 | | | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Глава** | **Број на КД** | **Назив** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** |
| **Глава 14 - Кривични дела против животот и телото** | Член 123 | Убиство | 31 | 2 | **33** | 35 | 2 | **37** | 37 | 1 | **38** | 30 | 1 | **31** | 32 | 6 | **38** |
| | Член 130 | Телесна повреда | 524 | 27 | **551** | 533 | 25 | **558** | 519 | 26 | **545** | 554 | 15 | **569** | 526 | 14 | **540** |
| | Член 131 | Тешка телесна повреда | 175 | 24 | **199** | 234 | 31 | **265** | 173 | 13 | **186** | 189 | 14 | **203** | 211 | 20 | **231** |
| | Член 132 | Учество во тепачка | 36 | / | **36** | 42 | 17 | **59** | 75 | 3 | **78** | 50 | 6 | **56** | 49 | 6 | **55** |
| | Член 133 | Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница | 103 | 6 | **109** | 99 | 4 | **103** | 77 | / | **77** | 94 | 3 | **97** | 103 | / | **103** |
| **Глава 15 - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | Член 139 | Присилба | 4 | / | **4** | 3 | / | **3** | 2 | / | **2** | 11 | / | **11** | 8 | / | **8** |
| | Член 140 | Противправно лишување од слобода | 37 | / | **37** | 30 | 1 | **31** | 23 | / | **23** | 18 | / | **18** | 38 | / | **38** |
| | Член 141 | Грабнување | 13 | / | **13** | 21 | / | **21** | 4 | / | **4** | 16 | / | **16** | 6 | / | **6** |
| | Член 142 | Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 143 | Малтретирање во вршење на службата | 3 | / | **3** | / | / | **/** | 3 | / | **3** | 6 | / | **6** | 207 | / | **207** |
| | Член 144 | Загрозување на сигурноста | 124 | 1 | **125** | 151 | 3 | **154** | 154 | 1 | **155** | 193 | 3 | **196** | 207 | / | **207** |
| | Член 145 | Нарушување на неповредливоста на домот | 5 | / | **5** | 3 | / | **3** | 9 | / | **9** | 1 | / | **1** | 8 | / | **8** |
| | Член 153 | Повреда на правото на поднесување правно средство | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 155 | Спречување или смеќавање јавен собир | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 156 | Повреда на правото на штрајк | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | |

| Насилнички криминалитет (осудени) | | | 2010 | | | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Глава** | **Број на КД** | **Назив** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** |
| **Глава 19 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | Член 186 | Силување | 12 | / | **12** | 18 | 4 | **22** | 13 | / | **13** | 21 | 2 | **23** | 15 | 1 | **16** |
| | Член 187 | Обљуба врз немоќно лице | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | 6 | / | **6** |
| | Член 188 | Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години | 20 | 6 | **26** | 26 | 7 | **33** | 21 | 5 | **26** | 19 | 3 | **22** | 12 | 11 | **23** |
| | Член 189 | Обљуба со злоупотреба на положбата | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 191 | Посредување во вршење проституција | 7 | / | **7** | / | / | **/** | 2 | 1 | **3** | 8 | / | **8** | 5 | / | **5** |
| | Член 191-а | Детска проституција (избришан со измена на КЗ Службен весник 226 од 25.12.2015 год.) | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| **Глава 20 - Кривични дела против бракот, семејството и младината** | Член 198 | Одземање дете | 21 | / | **21** | 35 | / | **35** | 19 | / | **19** | 18 | / | **18** | 25 | / | **25** |
| | Член 201 | Запуштање и малтретирање на дете | 30 | 1 | **31** | 8 | 1 | **9** | 15 | / | **15** | 19 | / | **19** | 18 | / | **18** |
| **Глава 23 - Кривични дела против имотот** | Член 237 | Разбојништво | 133 | 24 | **157** | 135 | 54 | **189** | 121 | 41 | **162** | 119 | 25 | **144** | 141 | 23 | **164** |
| | Член 238 | Разбојничка кражба | 28 | 7 | **35** | 13 | 6 | **19** | 21 | 1 | **22** | 19 | / | **19** | 17 | 1 | **18** |
| | Член 258 | Изнуда | 17 | 1 | **18** | 20 | 3 | **23** | 19 | 3 | **22** | 10 | 1 | **11** | 16 | / | **16** |
| | Член 259 | Уцена | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | 7 | / | **7** |
| **Глава 27 - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | Член 302 | Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 303 | Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |

| Насилнички криминалитет (осудени) | | | 2010 | | | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глава | Број на КД | Назив | осудени п. | осудени м. | вкупно | осудени п. | осудени м. | вкупно | осудени п. | осудени м. | вкупно | осудени п. | осудени м. | вкупно | осудени п. | осудени м. | вкупно |
| Глава 28 - Кривични дела против државата | Член 305 | Велепредавство | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 307 | Загрозување на територијалната целина | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 308 | Загрозување на независноста | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 309 | Убиство на претставници од највисоките државни органи | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 310 | Грабнување претставници на највисоките државни органи | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 311 | Насилство спрема претставници на највисоките државни органи | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 312 | Вооружен бунт | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 313 | Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 314 | Диверзија | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 315 | Саботажа | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 319 | Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 | 4 | 1 | 5 | 2 | 1 | 3 |
| | Член 320 | Повреда на територијалниот суверенитет | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Член 321 | Спречување на борба против непријателот | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| Насилнички криминалитет (осудени) | | | 2010 | | | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Глава** | **Број на КД** | **Назив** | осудени п. | осуден и м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осудени м. | **вкупно** | осудени п. | осуден и м. | **вкупно** |
| **Глава 33 - Кривични дела против јавниот ред** | Член 382 | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | 71 | 5 | **76** | 117 | 1 | **118** | 83 | 1 | **84** | 111 | 3 | **114** | 107 | / | **107** |
| | Член 383 | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | 130 | / | **130** |
| | Член 384 | Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | 29 | / | **29** |
| | Член 385 | Учество во толпа што ќе изврши кривично дело | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | 11 | **11** |
| | Член 386 | Насилство | 145 | 10 | **155** | 171 | 28 | **199** | 215 | 32 | **247** | 190 | 16 | **206** | 321 | 66 | **387** |
| | Член 388 | Противправно менување на територијалната поделба на РМ | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 392 | Самовластие | 26 | / | **26** | 21 | / | **21** | 25 | / | **25** | 45 | / | **45** | 37 | / | **37** |
| | Член 394 | Злосторничко здружување | / | / | **/** | 39 | / | **39** | 26 | / | **26** | / | / | **/** | 121 | / | **121** |
| **Глава 34 - Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | Член 403 | Геноцид | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 403-а | Злосторство против човечноста | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 403-б | Злосторство на агресија | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 404 | Воено злосторство против цивилно население | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 405 | Воено злосторство против ранети и болни | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 406 | Воено злосторство против воени заробеници | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 407 | Употреба на недозволени средства на борба | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 407-б | Злоупотреба на хемиско или биолошко оружје | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 409 | Противправно убивање и ранување на непријател | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 418 | Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** |
| | Член 418-а | Трговија со луѓе | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | 1 | / | **1** |
| | Член 418-б | Криумчарење на мигранти | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | 98 | / | **98** |
| | Член 418-г | Трговија со дете | / | / | **/** | 3 | / | **3** | / | / | **/** | 5 | / | **5** | 18 | / | **18** |
| | | | **1565** | **114** | **1679** | **1757** | **187** | **1944** | **1657** | **128** | **1785** | **1750** | **93** | **1843** | **2521** | **160** | **2681** |